**Недостатокот на простор и на обучен персонал во граѓанските организации се главните потешкотии** со кои се соочуваат здруженијата од Пробиштип, како што беше истакнато за време на средбата на Мобилниот ресурсен центар која се одржа на 30 мај 2019 година.




**Младите таму не го сметаат волонтерството за привлечно**, а организациите немаат големо искуство на кој начин да ги поддржат и вклучат во нивната работа. Менди, која е волонтерка од Мировниот корпус и волонтира за општината и за Црвениот крст во Пробиштип, го сподели своето искуство околу укажаната можност да биде дел од организацијата и да придонесува кон заедницата.

На средбата беа истакнати и други недостатоци на здруженијата меѓу кои **неискуство во планирањето, мобилизирањето поддршка од заедницата, прибирањето средства и составувањето пријави за грантови**

. Со цел да се одговори на овие потреби за подобрување и усовршување, прв следен чекор би бил организирање обуки на овие теми.

Организациите споделија различни искуства за соработката со Општината и за поддршката која им е пружена. Едно од главните барања е **обезбедување на простор за работа** кој во моментов го немаат, а би биле задоволни доколку општината изврши пренамена и прилагодување на некој празен објект.

Тимот на ГРЦ исто така оствари средба со Марија Митева, претставничка од кабинетот на Градоначалникот и со Наташа Смилкова, од Одделението за локален економски развој (ЛЕР) одговорна за комуникација со граѓанските организации. Општината практикува објавување јавни повици, но и ад-хок доделување средства на здруженијата. Потребата на организациите за соодветен простор е препознаена и **постои иницијатива на Општината да се отвори Центар за граѓански организации**, но истата се уште не е реализирана бидејќи не се обезбедени средства за неа.

Општината е во завршна фаза на изработката на **Стратегија за соработка со граѓанските организации.**

Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и Медиа плус од Штип.